ООУ "Страшо Пинџур"
с.Мало Коњари
Прилеп

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА
# 2021/2022 год.

*ЈУЛИ 2021*

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**

**ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ВО ООУ ‘’СТРАШО ПИНЏУР ‘’с. МАЛО КОЊАРИ ЗА**

**УЧЕБНАТА 2021/2022 год**.

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Составот, надлежностите и задачите на Училишниот одбор се определени со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето. Основна цел на Училишниот одбор е заштита на законитоста во работата, заштита на правата на сите учесници во воспитно - образовната работа, јавност и транспарентност во работата, навремено и правилно информирање, усогласување на актите со законски одредби поради непречено одвивање на воспитно - образовниот процес во училиштето. Улогата на Училишниот одбор во училиштето е да ги покрива следните области:

- Визија и развој на училиштето
-Избор на клучен персонал
-Надзор врз раководењето
- Финансиски надзор
-Прибирање средства
-Подршка на проекти
-Следење на квалитетот на оценувањето
-Следење на благосостојбата на учениците
-Подобрување на односите со властите
-Подготвување на извештаи до заедницата и МОН

Училишниот одбор во соработка со директорот на училиштето и училишните тимови постојано поттикнува активности кои ќе обезбедат квалитет во работењето.

Согласно Законот за основно образование „Службен весник на РСМ“ број 161 од 05.08.2019 година член 106, Училишниот одбор брои 7 членови и тоа: 3 претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите, 3 претставници од родителите односно старателите на учениците, 1 претставник од основачот. На седниците на УО се поканувaат и во неговата работа ќе учествуваат без право на глас двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во училишниот одбор ги избира наставничкиот совет со тајно гласање.

Претставниците на родителите односно старателите ги избира Советот на родители со тајно гласање.

Претставниците од училишната заедница се избираат со тајно гласање од ученичкиот парламент, кое се спроведува на почетокот на секоја учебна година.

Постапката за избор на преставниците на сите преставници во училишниот одбор на училиштето се утврдува со статутот на училиштето.

**Мандатот на Училишниот одбор е 3 години, а мандатот на претставниците од родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете , но не подолго од три години.**

Одлуките на Училишниот одбор ќе се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Надлежностите на училишниот одбор се:

- Донесува Програма за работа на училишниот одбор;
- Донесува статут на основното училиште;
- Предлага Годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до Советот на општината;
- Донесува Развојна програма на училиштето;
- Предлага финансиски план до Основачот;
- Предлага завршна сметка до Основачот;
- Формира стручен тим за подготовка на Програма за екскурзии и други слободни активности со учениците од училиштето;
- Одлучува за спроведување на екскурзии и други слободни активности со учениците од училиштето;
- Објавува јавен оглас за избор на директор во основно училиште;
- Врши интервју со кандидатите за директор
- Предлага на градоначалникот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;
- Дава предлог до директорот на училиштето за избор на наставниците и стручните соработници;
- Одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште;
- Одлучува по жалбите на ученици, родители односно старатели на ученици и
- Врши и други работи утврдени со статутот основното училиште;

Во текот на учебната година Програмата може да претрпи одредени измени и дополнувања во согласност на појавените потреби во самата работа, ако се од интерес на училиштето, вработените и сл;

Училишниот одбор по поднесени жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

Училишниот одбор своето работење ќе го реализира во согласност со деловникот за работа на Училишниот одбор, исто така ќе одржува и други состаноци по потреба и ќе решава прашања кои ќе се јават во текот на годината во рамките на своите законски овластувања, а седниците ќе ги реализира према потребите во текот на целата учебна година.

ЈУЛИ 2021

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР

*Александар Божиноски*

**Оперативна програма за работа на**
**Училишниот одбор**

| Содржина на активностите | Време | Реализатори |
|---|---|---|
| - Разгледување и донесување Годишната програма за работа на училиштето | **VII -VIII** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| - Кадровски прашања Утврдување на состојбата на работните места, технолошки вишок, вишок на часови според Законот за основно образование, Закон за работни односи, Колективен договор | **VIII – IX** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| - Разгледување на одредени измени и дополнувања во ЗОО | **Тековно** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| - Предлагање и назначување на нов член во УО | **Тековно** | Членови на Училишниот одбор |
| - Формирање Пописна комисија | **XII** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Отпис и расходување на искршен, амортизиран, непотребен инвентар | **Тековно** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Донесување одлука за набавка и користење основни средства | **Тековно** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Донесување  на одлуки за изготвување на самоевалуација и развоен план на училиштето | **I-VIII** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Разгледување на елаборатот од Пописот | **I – II** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Разгледување на Правилници, акти и други прописи и навно усогласување со законската регулатива | **Тековно** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Анализа на извршените санации и потребните тековни и инвестициони вложувања | **Тековно** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Разгледување на финансискиот извештај и други извештаи кои се однесуваат на материјално - финансиското работење во училиштето | **Тековно по потреба** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Разгледување и усвојување на годишната, завршна сметка за материјално - финансиското работење на училиштето | **I – II** | Членови на Училишниот одбор, Директор и Книговодител |
| - Усвојување на  Извештајот за работата на училиштето во – I полугодие | **I – II** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| - Усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето на крајот од учебната година | **VI-VIII** | Членови на Училишниот одбор, Директор |
| Евалуација на развојните цели на училиштето | **Во текот на годината** | Членови на Училишниот одбор, Директор |